Алма ТАСЕВСКА

УДК: 37.014.53. (497.7)

# ДЕМОКРАТИЗАЦИЈА НА ОБРАЗОВАНИЕТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**_Кратка содржина_**

*Образовниот систем во Република Македонија долги години се засноваше врз единствена организациска и дидактичко-методска структура. Предметно-одделенскиот часовен систем конципиран од страна на Јан Амос Коменски ги надмина ограничувањата на претходниот недиференциран индивидуален концепт на настава во средновековните училишта. Четирите етапи на работа на часот и очигледното покажување на јасните поими на Песталоци, како и формалните наставни степени на Јохан Фридрих Хербарт долго време играа значајна улога во изведувањето на наставата. Но сите тие се однесуваа на група, без можност да се согледуваат индивидуалните карактеристики на учениците.*

*Но општествените и образовните промени одат во насока на истакнување на индивидуалноста, специфичностите, различностите и заради тоа сè повеќе се јавува потреба од нивно согледување, почитување, негување и развој. Оттука се поставуваат барања за модифицирање на образованието во таа насока.*

*Демократизацијата како општествен процес своето место го пронајде и во образованието. Сè појасна и повидлива е тенденцијата да училиштата и образованието станат достапни за интересите, потребите, можностите и афинитетите на секој субјект. Република Македонија со својата специфична социјално-општествена констелација се придвижува кон овој глобален тренд. Отворени се првите приватни училишта кои понудија образовен концепт различен од постојниот. Нивната улога во развојот на демократизацијата на образованието во нашата земја е несомнено значајна и заради тоа се поставува потребата од нивна теоретска елаборација.*

**_Клучни зборови:_** *ДЕМОКРАТИЗАЦИЈА, ОБРАЗОВАНИЕ, УЧИЛИШТА*

## Вовед

Долги години во Република Македонија се чувствуваше доминацијата на единствена дидактичка организација на образованието која се протегаше сè до последната нишка на нашиот образовен систем. Меѓутоа, општествените промени кои се инкорпорираа во речиси секој сегмент на живеење се забележаа и во образованието.

Со појавата на демократскиот политички плурализам сè повеќе се отвораа можностите за т.н. „образовен плурализам“.[1] Од друга страна пак, во општество како што е нашето мултикултурно, мултиетничко и мултирелигиско се разбира дека единствениот образовен систем не може да ги задоволи потребите на сите субјекти што живеат во него. Како што истакнува авторот Меделин „... најправеден едукативен систем е оној кој на секому му дава шанса. Во повеќекултурната, повеќерелигиската и повеќенационалната државна заедница не е можно да се дефинира модел на училиште со кој сите би биле задоволни и во кој сите ке имаат еднакви можности“.[2]

Поставувањето на образовниот систем на такви основи не е едноставен и брз процес. Во него треба активно да ги заземат своите улоги сите стручни работници и соработници кои најнапред треба да ја сфатат смислата на плурализмот и да се запознаат со сè она што тој сам по себе го носи.

Првите обиди за промена на ваквата состојба во Р. Македонија се законските измени со кои се дава можност за влез на приватниот сектор во образованието кој ке понуди сопствени програмско-педагошки решенија. Веќе во 1996 година отворено е првото приватно училиште во Р. Македонија во кое се имплементира сопствена филозофија на образованието. Од ова година образовниот плурализам во нашата земја се развива, формирајќи и други приватни образовни институции.

Во продолжение ке бидат анализирани позначајните приватни училишта кои несомнено го одбележаа образовниот плурализам во РМ, а тоа се: Јахја Кемал-средно приватно училиште; НОВА-Интернационално основно и средно приватно училиште и Петтата приватна гимназија.

---

[1] Matijević M. Pranjić M. Previšić, V. 1994, Pluralizam u odgoju i školstvu, Zagreb: Katehetski salezijanski centar

[2] Matijević M. 2001, Alternativne škole, Zagreb: TIPEDZ, str.195

**Јахја Кемал-средно приватно училиште**

Училиштето Јахја Кемал е отворено во 1996 година како прво приватно средно училиште, акредитирано од страна на Министерството за образование и Владата на РМ. Подоцна во Република Македонија се отворени уште две вакви училишта, во Гостивар 1999 год. и во Струга 2002 год. Сите три училишта функционираат по ист модел и наставата која се реализира е со специфичен наставен план и програм. Овие училишта го носат името на турскиот поет Јахја Кемал Беатли (Yaĥya Kemal Beyatli) кој бил роден во Скопје кон крајот на 19 век.

Главната карактеристика што го одвојува ова училиште од другите е неговата мултиетничката структура. Филозофијата на училишното живеење ги надминува бариерите во однос на полот, етничката и религиската припадност. Во училиштето се забележува одлична комуникација и работна атмосфера меѓу сите субјекти кои по многу нешта се разликуваат.

Училишните згради содржат лабораторија, кафетерија, кино, гимназија, фудбалски и кошаркарски терени и интернат за момчиња и девојчиња. Бидејќи интересот за ова училиште е сè поголем и него го посетуваат ученици од различни градови на Р. Македонија, за таа цел постои интернатски дел кој е организиран според потребите на учениците. Покрај обврските во рамките на училиштето, учениците во овој кампус имаат можност да бидат ангажирани со бројни активности од областа на културата и спортот.

Главната ориентација на средното училиште Јахја Кемал е високо квалитетно образование и учење кое им овозможува на учениците да ги реализираат своите потенцијали и да добијат образование кое ги следи и одговара на глобалните трендови. Образованието во ова училиште трае четири години. Единствен наставен јазик е англискиот. Но бидејќи во училиштето постојат 12 различни етнички групи се зборува на англиски, македонски и турски јазик. Постојат часови по мајчин јазик за македонските, албанските и турските ученици. По успешното завршување на образованието, учениците добиваат диплома на македонски и англиски јазик.

Англискиот јазик се учи интензивно во првата година со 16 часа неделно. По оваа интензивна фаза на учење јазик, во втората, третата и четвртата година на англиски јазик се учи математика, физика, хемија, биологија и ИТ. За овие предмети училиштето има лаборатории со модерни техники каде експериментите ја поддржуваат теоријата. На тој начин на учениците им се овозможува да ги дефинираат нивните афинитети, на пример, по хемија или по физика. Сигурно ова е еден од факто-

рите зошто учениците од ова училиште имаат толку успешни достигнувања на национални и интернационални натпревари.

Но покрај тоа учениците кои се дел од средното приватно училиште Јахја Кемал добиваат:

- високо квалитетно образование на англиски јазик;
- соодветна инфраструктура;
- средина за релаксација по напорните часови;
- билијард и пинг понг табла, тенис и интернет;
- подготовка за националните и интернационалните натпревари;
- можности за истражување и истражувачки проекти од различни области;
- различни активности кои му овозможуваат на ученикот да ја развие својата индивидуалност, како на пример фудбалски клуб, кошаркарски клуб, шаховски клуб, клуб за историчари и сл;
- универзитетска канцеларија која обезбедува информации за интернационалните универзитети им овозможува на учениците да најдат соодветен универзитет за нив;
- поддршка и совет во изборот на понатамошното универзитетско образование и помош во текот на процесот на апликација на овие универзитети;
- сертификати за активностите и натпревари организирани во ова училиште;
- локални и интернационални екскурзии;
- јазични клубови, летни курсеви во Англија, Турција и САД и размена на ученици;
- соработка со родителите за подобро образование и обезбедување домашни посети;
- тест за генерално оценување за секој семестар, со што учениците се подготвуваат за интернационални испити.

Овие услови се обезбедени за да се задоволи мисијата на училиштето Јахја Кемал и да се се образуваат ученици како индивидуи кои ги следат принципите на љубовта, толеранцијата, хармонијата, демократијата и да се почитуваат правата на сите човечки суштества. За да се обезбеди развој на мотивацијата и желбата за успех кај учениците ова училиште организира различни образовни и научни активности како: национални, регионални и интернационални натпревари, речиси за сите ученици кои учат во училиштето, наука, јазик и култура, спортски активности, екскурзии во Англија, Турција, Грција, Бугарија, Австрија, Албанија и многу други земји.

Статистиката покажува дека во изминатиот период 98% од сите ученици го завршуваат ова 4 годишно образование; 35% од нив решаваат да го продолжат своето образование во земјите како САД, Англија, Германија, Австрија, Србија, Швајцарија, Бугарија, Франција, Италија, Данска, Турција и сл.; останатите 65% своето образование го продолжуваат на СЕЕ, УКИМ и ФОН во Македонија.

## НОВА-интернационално основно и средно приватно училиште

НОВА основното и средното училиште е интернационално, независно, приватно училиште во РМ каде официјален јазик на комуникација е англискиот. Кампусот на ова училиште е оддалечен 3 км од центарот на градот, сместен во тивка и безбедна средина со богата понуда на Wireless зона со компјутерска лабораторија, научна лабораторија, студио за уметност и драма, библиотека, книжара, кафетерија со целосен сервис, како и пространа надворешна зелена област и спортски терени.

Интернационалното обележје на ова училиште се докажува со фактот што 60% од ученичката популација е составена од интернационални ученици, односно повеќе од 40 нации се дел од ученичкото тело на НОВА основното и средното училиште. Останатиот процент од ученичката популација е составен од сите етнички заедници кои постојат во Р. Македонија и со тоа се надополнува интернационалноста на ова училиште. Во основа и секојдневната комуникација меѓу учениците се издигнува на ниво на есенцијален и интеркултурен дијалог што всушност ја претставува и клучната компонента на образованието во ова училиште.

Ова училиште досега го посетувале ученици од следниве земји: Австралија, Австрија, Англија, Белгија, Босна, Бугарија, Германија, Грција, Данска, Доминиканска Република, Еквадор, Израел, Индија, Индонезија, Италија, Јужна Африка, Канада, Кина, Коста Рика, Молдавија, Нов Зеланд, Норвешка, Панама, Романија, Русија, САД, Словенија, Србија, Тајван, Турција, Украина, Унгарија, Филипини, Финска, Франција, Холандија, Хрватска, Црна Гора, Чешка Република, Чиле, Швајцарија и Шведска.

Наставните планови и програми во училиштето НОВА ги реализираат компетентни наставници и професори кои постојано ги усовршуваат своите знаења, вештини и способности. Особено е значајно нивното богато образовно искуство кое во голема мера им овозможува да се адаптираат и да применуваат индивидуален пристап во воспитно-образовната работа со учениците. Ваквиот спој на ученици и наставници

обезбедува еднакви и сигурни можности за академски и личен развој на сите ученици. Клучниот аспект за остварување на ваквата тенденција се наоѓа во креирањето на високо квалитетни образовни програми кои обезбедуваат активно учење во безбедна и стимулативна средина која влева заедничка доверба согласно индивидуалните и културните разлики.

Еднакви можности за успехот на учениците и нивниот личен развој во ова училиште се обезбедуваат преку:

- Безбедна и поттикнувачка училишна средина,
- Високо квалитетен училишен програм, соодветен курикулум и последни технолошки информации,
- Водство преку училишни иницијативи и волонтирање преку проекти на општествениот сервис,
- Етичка и одговорна средина,
- Развој на интелектуалните капацитети,
- Почитување на индивидуалните и културните разлики,
- Поттикнување на учениците да станат активни и конструктивни членови во општетството.[3]

Наставниот програм за работа во училиштето НОВА се карактеризира со соодветни и јасни насоки и барања, добра дескрипција, овозможува добро документиран прогрес на учениците. Неговата имплементација е можна во мали групи кои се составени од ученици од различни култури. Секој наставник треба да ја направи програмата да биде достапна и разбирлива за сите ученици, во согласност со нивните стилови на учење и образовни можности. Наставната програма на ова училиште нема исклучиво интелектуалистичка компонента. Напротив, влијанијата на американските програми се чувствуваат во областа на понудата на бројни други програми кои се насочени кон формирање на животниот стил на ученикот и ги развиваат повеќе волевите и емоционалните аспекти.

Во таа насока во програмата на ова училиште големо внимание се посветува на екстра-курикуларните програми како што се спортот, игрите и слично. Се смета дека преку овие активности може да се развие индивидуалниот потенцијал на секој ученик, неговата мотивација, се зголемува самодовербата, самопочитта, се развиваат нови вештини, а сето тоа ги поттикнува учениците да станат подобри ученици. Тенденција на ова училиште е овие активности да прераснат во личен животен стил

[3] www.nova.edu.mk

на секој ученик, а сето тоа нуди бенефит во создавањето физичка, социјална и ментална благосостојба на учениците.

За таа цел пред своите ученици училиштето НОВА ги поставува следниве цели:

- да им помогнеме на учениците да развијат спектар на физички вештини во согласност со тие кои што се вклучени во редовниот програм,
- да промовираме припадност и разбирање на активниот животен стил,
- да се развијат прифатливи социјални и спортски способности,
- помалку формална средина може да помогне во изградбата на нови релации со наставникот,
- конфликтите да се разрешуваат на мирен начин.[4]

Во ова училиште веруваат во големиот потенцијал на секој ученик и затоа се прифатени сите, без разлика на расата, религијата, полот, националната или етничката припадност. Сите нови апликанти мора да ја презентираат својата единствена, оригинална индивидуалност преку соодветни апликации. Од новите кандидати се бара добро да го познаваат англискиот јазик и да решат тест за дијагностицирање на знаењата од областа на математиката, како спроведување на индивидуално интервју. Писмото за препорака од претходните наставници на ученикот се исто така значаен дел од процесот на апликација.

### Интернационални акредитации

- Northnjest Association of Accredited Schools (NAAS), http://njnjnj.northnjestaccreditation.org/schools/accredited.html
- Central and Eastern European Schools Association (CEESA),http://njnjnj.ceesa.org
- International Baccalaureate Organization (IBO), njnjnj.ibo.org/school/002853
- US Department of State Assisted School, http://njnjnj.state.gov/m/a/os/69802.htm
- Национални акредитации
- Верификација од страна на Министерството за образование на Р. Македонија 05 Јуни 1997, акт: 11-128/7
- Одобрение од страна на Владата на Р. Македонија, 14 Април 1997, акт: 23-3474/1-96

---

[4] Ibid

## Петта приватна гимназија

Во 2002 година во Р. Македонија е донесен закон за средно образование со кој се утврдени сите законски услови и претпоставки за основање и функционирање на приватни образовни установи. Во овој период се појави иницијатива за основање на приватно училиште за средно образование како составен дел од образовниот систем на државата. На тој начин се конституираше средното приватно училиште Петта приватна гимназија чија основна цел е да образува кадри според европски и меѓународни стандарди. Главната тенденција на средното училиште Петта приватна гимназија се однесува на создавање еднакви можности за вклучување на сите ученици во училиштето и избор на различни патишта за остварување на целта. Особена карактеристика е флексибилноста во поглед на структурата, изборот на програмите, методите, организација, етапите и местото на реализирање на наставниот процес; воопштено, стручно образование со кое ке се стекнат соодветни компетенции, животни вештини неопходни за современото општество, примена на современи стандарди за образование; воспоставување на оптимална рамнотежа меѓу општото и диференцираното образование, меѓу теоријата и практиката, како и примена на самоевалуација и развојно планирање на училиштето.

Дејноста на ова приватно средно училиште е насочено кон сферата на гимназиското и стручното образование преку воспоставување следни насоки:

- Математичко-информатичка гимназија,
- Општествено-хуманистичка гимназија,
- Јазична гимназија,
- Економско-правно училиште,
- Медицинско училиште,
- Спорт и физичка култура.

Гимназиско образование се реализира во првите две учебни години, додека во третата година учениците имаат можност да изберат една од горенаведените насоки. Избраната насока во трета година продолжува и во четврта година со можност за хоризонтална проодност по барање на учениците и по полагање диференцијални класни испити. Наставата се реализира на македонски, албански и англиски јазик, врз основа на наставни планови и програми кои се во согласност со Законот за средно образование, со Националната програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015 и во согласност со Програмата за развој на средното образование.

Реализацијa на наставните планови и програми имаат за цел да воведат:

- Повеќејазичност на образованието,
- Поголемо учество на учениците, родителите и други заинтересирани субјекти во планирањето на образовниот процес,
- Евалуација и самоевалуација на учениците,
- Евалуација на наставниците и образовниот процес,
- Содавање широки можности за влез во високото образование,
- Создавање широки можности за развој на способностите, потенцијалот и талентот, афинитетот и личниот развој,
- Обезбедување основа за доживотно образование.

На крајот од школувањето сите ученици задолжително полагаат државна матура која се состои од задолжителен дел, изборен дел и проектна задача.

Запишувањето во ова гимназија се врши по пат на распишан конкурс. Право на конкурирање имаат сите кандидати со завршено основно образование, а единствен селективен критериум е постигнатиот успех и поведение.

Учениците запишани во ова гимназија ги имаат на располагање следниве услови:

- Најсовремени средства и кабинетска настава во мали групи, индивидуално и паралелки не поголеми од 25 ученици,
- Библиотека опремена со повеќе од 1.500 наслови, лектирни изданија, практични материјали, дневен печат, публицистичко-есеистичка литература, стручна литература од земјата и странство,
- Компјутерски лаборатории и интернет пристап за секој ученик,
- Стручен наставен кадар: доктори на науки, магистри, лектори по странски јазици и визитинг професори,
- Стручна служба (психолог, педагог, социолог),
- Активно следење на развојот на ученикот во текот на школувањето,
- Поддршка и помош на учениците во секое време,
- Стипендирање на најдобрите ученици,
- Соработка со странски училишта, размена на ученици и наставен кадар,
- Служба за обезбедување.

Обезбедувањето на финансиските средства за реализација на воспитно-образовната дејност во Петта приватна гимназија главно се стекнува преку приватната школарина која изнесува 1.800 евра, а со неа уче-

ниците добиваат учебници за сите наставни предмети, ученичка униформа, ИД и ИСИЦ картичка, осигурување и влез во ученичката организација.

**Заклучок**

Овие училишта ја претставуваат првата фаза во процесот на демократизација на образованието во Република Македонија. Голема разлика во однос на постојните училишта се јавува во интернационалниот карактер, мултиетничноста, мултијазичноста, структурната организација, различните наставни планови и програми, зголемената можност за избор, практични искуства, современи просторни и физички услови, нагледни средства и помошен материјал. Едноставно може да се забележи дека како први обиди, овие училишта даваат доста значајни резултати во своето делување и воспоставија стандарди и обезбедија квалитет кој во иднина сѐ повеќе ќе треба да се развива. Голем број ученици кои произлегуваат од овие училишта своето образование успешно го продолжуваат во земјата и странство. Исто така секоја година се забележува пораст на интересот на учениците за упис во овие училишта. Тенденцијата приватниот сектор сѐ повеке да навлезе во образовната дејност ке овозможи зголемен спектар на нови и поинакви концепции и програми кои сѐ повеќе ке го демократизираат образованието. На тој начин ке се даде можност на секој ученик да направи избор кој ке биде во согласност со сопствените афинитети, амбиции, интереси, потреби и можности, бидејќи навистина е невозможно да се воспостави образовен концепт кој ке одговара за сите во целост. Иако Република Македонија ги прави првите чекори во процесот на демократизација на образованието сепак тие се значајни од аспект на општествениот контекст но и поттикнувачки заради тоа што на тој начин се обезбедува механизам кој треба да донесе квалитет.

## Литература

Вилотијевић, М., 2000. *Дидактика III*, Београд: Завод за уџбенике и наставна средства.

Дамовска, Л., 2001. *Компатибилноста на предучилишното со основното воспитание и образование*, Скопје: Круг.

Gudjons, H., 1993. *Pedagogija-temeljna znanja*, Zagreb: Educa.

Jukić, S., 2005. *Didaktičko-metodički fragmenti*, Novi Sad: Viša škola za obrazovanje vaspitača

Matijević, M., 1994. *Pluralizam u odgoju i školstvu*, Zagreb: Katehetski salezijanski centar.

Matijević, M., 1994. *Prilozi razvoju pluralizma u odgoju i školstvu*, Zagreb: Institut za pedagogijska istraživanja, Filozofskog fakulteta Sveučilišta u Zagrebu.

Matijević, M., Ladislav, B., 2005. *Didaktika*, Zagreb: Školska knjiga.

Trnavac, N., Gorgević, J., 1995. *Pedagogija*, Beograd: Naučna knjiga.

www.nova.edu.mk

www.zahzakemalcollege.edu.mk

www.pettaprivatnagimnazija.edu.mk

Alma TASEVSKA

# DEMOCRATIZATION OF THE EDUCATION IN THF REPUBLIC OF MACEDONIA

**Abstract**

For many years, the educational system in the Republic of Macedonia was based on a unitary organizational and didactic-methodical structure. The school-subject system drafted by Jan Amos Komensky overcame the limitations of the previous undifferentiated individual concept of teaching in medieval schools. The four stages of work in the classroom and the evident display of the clear concepts of Pestalozzi, as well as the formal teaching degrees of Johann Friedrich Herbart, have for a long period of time played a significant role in conducting the teaching. However, they have all referred to a group, without any opportunity to grasp the individual characteristics of the pupils.

Furthermore, the social and educational changes are moving forward in the direction of emphasis on individuality, specificities and differences. Hence the ever-growing need has arisen for their comprehension, respect, cultivation and development. It is from this point that requests for modification of the education in that direction have been sought after.

Democratization as a social process has found its place in education as well. The tendency of the schools and the education to become accessible to the interests, needs, opportunities and affinities of every individual is being more and more clear and visible. The Republic of Macedonia with its specific social constellation is moving towards this global trend. The first private schools which have offered an educational concept quite different from the current one have already been opened. Their role in the development of the democratization of the education in our country is undoubtedly noteworthy and for this reason the need for their theoretical elaboration has arisen.

**Key words:** DEMOCRATIZATION, EDUCATION, SCHOOLS